**УПАТСТВО ЗА ИНСТАЛАЦИЈА НА РУТЕРОТ (УРЕД ЗА ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП) И MAGENTA TV BOX**

Издание од 06/2022

Контактирајте нè:
Во најблиската Телеком продавница
Контакт центар тел: 122
Бизнис контакт центар тел: 120
telekom.mk

Издавач:
Македонски Телеком
„Кеј 13 Ноември“ бр. 6
1000 Скопје

Сподели доживувања

Известување за MagentaTV Box

Уредот - MagentaTV Box содржи технологија за спречување на копирање, заштитена со патенти и други права од интелектуална сопственост на САД на Rovi Corporation. Забрането е обратно инженерство и расклопување.

Известување за инсталацијата

Не поврзувајте MagentaTV Box преку видео рекордер со телевизор. Видео сигналите пренесувани преку видео рекордер можат да бидат засегнати од системи за заштита на авторски права и сликата на телевизорот ќе биде неквалитетна.

Dolby, Dolby Audio и симболот дупло-Д се заштитни знаци на Dolby Laboratories Licensing Corporation. Произведено по лиценца од Dolby Laboratories.

# Упатство за инсталација на рутер (уред за интегриран пристап) и MagentaTV Box



Сподели доживувања

## ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА РУТЕРОТ
### (УРЕД ЗА ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП)




## ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА MAGENTA TV BOX




* Изгледот на Вашите уреди може да се разликува од сликите во ова упатство.

**ЧЕКОР 1:**

**Поврзете го рутерот.**

Поврзете го рутерот со DSL или оптичкиот приклучок со соодветниот кабел.

Потоа поврзете го рутерот во струјниот приклучок и вклучете го прекинувачот на задната страна доколку го има. Почнува автоматска конфигурација и лед светилките на уредот почнуваат да трепкаат. Причекајте додека светилките не почнат да светат континуирано.

**ЧЕКОР 2:**

**Поврзете го телефонот на рутерот.**

Приклучете го телефонот на рутерот внимавајќи на ознаките на рутерот и на телефонот.

**ЧЕКОР 3:**

**Поврзете го компјутерот на интернет.**

За да го поврзете компјутерот на интернет, користете ги LAN1 или LAN2 приклучоците, или поврзете се безжично преку WiFi мрежата. Името на мрежата (SSID) и лозинката (WPA key) се наоѓаат на задната или на долната страна на рутерот.

**ЧЕКОР 4:**

**Поврзете го MagentaTV Box.**

Поврзете го MagentaTV Box со мрежен кабел во LAN 3 или LAN 4 портите од рутерот.

**ЧЕКОР 5:**

**Поврзете го телевизорот со MagentaTV Box.**

Препорачуваме MagentaTV Box да го поврзете на HDMI приклучокот од телевизорот.

**ЧЕКОР 6:**

**Вклучете го MagentaTV Box.**

Приклучете го MagentaTV Box во струјниот приклучок, одберете го соодветниот влез на телевизорот и причекајте да заврши конфигурацијата и да се појави слика на телевизорот.

**За повеќе информации, преземете го соодветното упатство според моделот. ****

**УПАТСТВА ЗА РУТЕРИ**
**(УРЕДИ ЗА ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП)**

https://www.telekom.mk/upatstva-uredi-integriran-pristap-ruteri.nspx

**УПАТСТВА ЗА MAGENTA TV BOX**

https://www.telekom.mk/upatstva-medija-priemnici-maxtv.nspx

**Информација за моделот на рутерот или за MagentaTV Box можете да најдете на налепницата на задната или на долната страна од уредот. До упатствата може да се пристапи и преку апликацијата Telekom MK - достапна на Google Play и App store (https://www.telekom.mk/telekommk-app.nspx).

Google и Google Play се трговски марки на Google LLC.
The terms HDMI and HDMI High-Definition Multimedia Interface, and the HDMI Logo are trademarks or registered trademarks of HDMI Licensing Administrator, Inc. in the United States and other countries.

## ЗА СИТЕ ПРОБЛЕМИ ТУКА Е НАШИОТ ВИРТУЕЛЕН ТЕХНИЧАР

(**www.telekom.mk/virtualtechnician.nspx**)

**ВИРТУЕЛЕН** ТЕХНИЧАР

Решете ја брзо и едноставно пречката на Вашата линија во кое било време од денот или ноќта, користејќи Виртуелен техничар.

Нема потреба од јавување во Контакт центар, бидејќи Виртуелниот техничар ја проверува Вашата линија, и доколку наиде на некој проблем, го решава со само неколку клика.

Достапен е преку **Telekom MK** апликацијата, или на **https://mojtelekom.mk.**